Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА INSTITUCION NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Скопје / Shkup
Влезна 22.05.2026
03-534/1

ДО: СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР НА НУ МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР - СКОПЈЕ ул. „11 Март“ бр. 3, 1000 Скопје

[redacted]

Б А Р А Њ Е за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барам во законски пропишаниот рок да ми ги доставите во копија (електронски или во писмена форма) следните документи и информации поврзани со Јавниот оглас бр. 04-394/1 објавен на ден 17.04.2026 година за вработување на двајца извршители на работно место „Актер четврта група“:

1. Решението за формирање на Комисијата за спроведување на постапката за вработување (со увид во нејзиниот целосен состав, име и презиме на претседателот и членовите).
2. Официјални податоци за професијата, работното место (позицијата) и правниот статус/вид на ангажман на секој од членовите на Комисијата во рамките на институцијата НУ МНТ.
3. Потпишаните Изјави за непристрасност, тајност и отсуство на судир на интереси на сите членови на Комисијата за селекција, со конкретни податоци дали е пријавено постоење на блиски роднински, кумствени, брачни или соживотни врски со некој од пријавените кандидати на огласот.
4. Сите записници од состаноците и работата на Комисијата (вклучувајќи ги записниците од административната селекција, евалуацијата и од одржаната аудиција).
5. Поединечните бодовни листи (оценувачки листи) за сите пријавени кандидати во сите фази од селекцијата, потпишани од секој член на Комисијата поединечно.
6. Писменото Образложение/Меморандум за начинот на бодување од страна на Комисијата, со детални причини и основи за доделувањето на конкретните бодови на секој кандидат посебно.
7. Годишниот план за вработување на НУ МНТ за 2026 година, заедно со соодветното Позитивно мислење добиено од надлежното Министерство за јавна администрација.
8. Доказите за работно искуство и историскиот преглед на пријави/одјави (обрасци/ извештаи од АВРСМ) доставени од страна на избраните кандидати во нивните пријави.
9. Уверенијата за статус на невработено лице или потврди за стаж доставени во прилог од страна на избраните кандидати, со цел утврдување на нивниот статус (приправнички или етаблиран) во однос на Колективниот договор за култура.
10. Целокупната поднесена документација во пријавите од страна на избраните кандидати на огласот, со цел увид и проверка на исполнувањето на општите и посебните услови за вработување (дипломи, уверенија и сл.).

Напомена: Доколку е неопходно согласно Законот за заштита на личните податоци, бараме во доставените копии соодветно да се прикријат (потемнат) ранливите сензитивни лични информации (како ЕМБГ, телефонски броеви или домашна адреса), со што нема да се наруши приватноста на лицата, но ќе се овозможи увид во суштината и законитоста на документите.

Начин на достава: Бараните информации и документи барам да ми бидат доставени по електронски пат на наведената е-пошта или по пошта на наведената домашна адреса.

Со почит,

[redacted]

20.05.2026

[redacted]

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 03-652/1
05.06. 2026 год./viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Republika e Maqedonisë së Veriut
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS

ДО

[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации НУ Македонски народен театар – Скопје.

ВРСКА: 03-594/1 од 22.05.2026 година (наш број).

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви доставуваме и:

- информација.

Со почит,

Службено лице за постапување со информации од јавен карактер на НУ Македонски народен театар – Скопје

Мила Анѓелковиќ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 03 -653/1
05 · 06 · 20 26 год./viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Republika e Maqedonisë së Veriut
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РМ бр.101/2019), член 13 став 2 точка 18 од Статутот на НУ Македонски народен театар - Скопје (пречистен текст под бр.02-731/1 од 30.10.2019 година), постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер на барателот , имателот на информацијата НУ Македонски народен театар – Скопје го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер на барателот на информацијата – дозволува.
2. Барањето за пристап до информации од јавен карактер на барателот на информацијата – р - Скопје, се одбива во делот на личната документација на кандидатите и содржат заштитени лични податоци.
3. НУ Македонски народен театар - Скопје во законски дозволениот рок, по електронски пат ќе ги достави бараните информации од јавен карактер.
4. Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

Образложение

На ден 22.05.2026 годнина, лицето по пошта на адреса на НУ Македонски народен театар – Скопје, достави барање со кое бара да му се достават информации поврзани со Јавниот оглас бр.04-394/1 објавен на ден 17.04.2026 година за вработување на двајца извршители на работно место „Актер четврта група“, кое вклучува:
1. Решение за формирање на Комисијата за спроведување на постапката за вработување (со увид во нејзиниот целосен состав, име и презиме на претседателот и членовите);
2. Официјални податоци за професијата, работното место (позицијата) и правниот статус на ангажман на секој од членовите на Комисијата во раките на институцијата на НУ МНТ;
3. Потпишани изјави за непристрасност, тајност и отсуство на судир на интереси на сите членови на Комисијата за селекција, со конкретни податоци дали е пријавено постоење на блиски роднински, кумствени, брачни или соживотни врски со некој од пријавените кандидати на огласот;
4. Сите записници од состаноците и работата на Комисијата;
5. Поединечните бодовни листи за сите пријавени кандидати во сите фази на селекцијата, потпишани од секој член на Комисијата поединечно;

6. Писмено образложение за начинот на бодување од страна на Комисијата, со детални причини и основи за доделувањето на конкретните бодови на секој кандидат посебно;
7.Годишен план за вработување на НУ МНТ за 2026 година, заедно со соодветното позитивно мислење добиено од надлежното Министерство за јавна администрација;
8. Докази за работно искуство и историскиот преглед на пријави/одјави доставени од страна на избраните кандидати во нивните пријави;
9.Уверенија за статус на невработено лице или потврди за стаж доставени во прилог од страна на избраните кандидати, со цел утврдување на нивниот статус во однос на Колективниот договор за културата;
10. Целокупната поднесена документација во пријавите од страна на избраните кандидати на огласот, со цел увид и проверка на исполнувањето на општите и посебните услови за вработување (дипломи, уверенија и сл.).

Согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информациите НУ Македонски народен театар – Скопје, го носи ова решение со оглед на тоа што позитивно одговара на дел од барањето за информации од јавен карактер поднесено од страна на барателот Здравко Стојмиров, односно под точките 1, 2 и 7 од барањето.

Согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, правото на пристап се ограничува кога бараната информација содржи лични податоци чие откривање би значело повреда на заштитата на приватноста. Воедно, Законот не овозможува пристап до персонални досиеја, приватни исправи и документација што содржи лични податоци на трети лица, освен во обем утврден со закон и по спроведување на тест на штетност. Имајќи предвид дека името и презимето претставуваат заштетен податок согласно Законот за заштита на личните податоци, имателот на информациите одлучи да го одбие барањето во тој дел.

Имателот на информацијата НУ Македонски народен театар - Скопје, постапи согласно член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во законски определниот рок од денот на приемот на барањето по електронски пат ќе достави одговор на истото.

Врз основа на горе наведеното директорот на НУ Македонски народен театар – Скопје, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

директор
Никола Кимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Republika e Maqedonisë së Veriut
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS

Прилог:

- Пропратно писмо бр.03-652/1 od 05.06.2026 година
- Решение за формирање на Комисија за постапка за вработување по јавен оглас бр.04-394/1 од 17.04.2026 година;
- Годишен план за вработување и измена на годишниот план за вработување во НУ Македонски народен театар за 2026 година со позитивно мислење добиено од Министерството за јавна администрација и Министерството за култура и туризам.